**ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ**
**ЗА ЈАНУАРСКА ИСПИТНА СЕСИЈА ВО УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

**(ЗА СТУДЕНТИТЕ ЗАПИШАНИ НА СТАРИТЕ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ (ЕКТС), ВОВЕДЕНИ ВО УЧЕБНАТА 2004/2005 год.)**

Пријавувањето на испитите за ЈАНУАРСКА испитна сесија во учебната 2017/2018 година ќе се врши преку шалтерите на студентската служба во периодот од:

**25.12.2017** до **27.12.2017** година
**(**од **11,00** до **15,00** часот**)**

- **Потребни документи за пријавување на испити:**

1. **ИНДЕКС**
2. **Пријави за испит - (образец А5)** со уплатени 50 ден. административна такса - за секоја пријава.

(за начинот на плаќање на административните такси види *Соопштение за начинот на плаќање административни такси ОБ 8.2/11).*

3. **Изјава за кодови за платена административна такса** (само за оние студенти кои плаќаат со СМС порака преку мобилен телефон).

Студентите кои плаќањето на административната такса за пријавените испити го вршат со уплатница, на **една уплатница** можат да уплатат за повеќе испитни пријави, а доколку пријавувањето на испитите го вршат со СМС порака преку мобилен телефон, максималната сума која може да се испрати со една СМС порака е **250** денари (вкупен износ за намногу пет испитни пријави), при што бројот добиен од СМС пораката, студентот го впишува во полето (шифра за административна такса) во испитната пријава.

**(Пријавите се доставуваат до предметните наставници, на самиот испит).**

За секое задоцнето пријавување на испитите, студентите се должни да уплатат казна од 400 денари (по испит), (согласно одлуката бр.02-2331/1 од 16.09.2005 год. донесена врз основа на ценовникот за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите донесен од советот за развој и финансирање на високото образование).

Скопје, 18.12.2017 **МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**